Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-486/8
29.12.2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-486/1 од 10.06. 2025 година, поднесена од Адвокат ----- во име на 125 граѓани, по претставка бр. 08-487/1 поднесена од Здружението за -----како и по претставката бр. 08-503/1 поднесена од -----, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на својата 16 - та седница одржана на 20.06.2025 год. донесе заклучок овие претставки да ги спои во една постапка под бр. 08-486/1 поради тоа што произлегуваат од ист настан и се однесуваат на ист потенцијален дискриминатор.

Дополнително, Комисијата постапувајќи по претставките бр. 08-521/1 поднесена од ----- и претставка бр. 08-522/1 поднесена од -----, на својата 17- та седница одржана на 03.07.2025 год. донесе заклучок и овие претставки да се спојат во претставката под бр. 08-486/1 поради тоа што и овие претставки се однесуваат на ист потенцијален дискриминатор и произлегуваат од ист настан.

Споените претставки под бр.08-486/1 се против ----- за прекршување на одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација за вознемирување врз основ на етничка и национална припадност во областа јавно информирање и медиуми.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 0.09.2025 година, го донесе следното

## **М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА - ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на етничка и национална припадност во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на ----- во неговото гостување во емисијата „----- “ на порталот -----, емитуван на -----.2025 год. на социјалната мрежа Фејсбук.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Постапувајќи по заклучокот од 29.06.2025 год и заклучокот од 03.07.2025 год. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) ги спои поднесените претставки во еден предмет бр. 08-468/1.

Според подносителите на оваа претставка, кои се граѓански активисти и овластен застапник, имаат оправдан интерес од заштита на колективните права на Ромите и во рамките на своето дејствување се занимава со заштита на правата на еднакво постапување и заштита од сите форми на дискриминација кон Ромите во Република Северна Македонија, ----- ги прекршил одредбите од Законот за спречување и заштита од дискримианција и предизвикал вознемирување врз основ на етничка и национална припадност во областа јавно информирање и медиуми.

Подносителите на претставката наведуваат дека ----- при неговото гостување во емисијата „----- “ на порталот -----, емитуван на -----.2025 год. на социјалната мрежа Фејсбук

предизвикал вознемирување и дискриминација врз основ на етничка и национална припадност во областа јавни информирање и медиуми.

Според наводите на подносителите на претставката и покрај забелешките на водителите на поткастот на ----- (епизода ----- сезона -----) ----- употреби термин „цигани", „циганска работа" педери и еѓупци во негативен контекст а во истиот наратив е употребен и терминот „Ром" при што ги навредил ромската заедница и припадниците на ЛГБТ заедницата придонесувајќи ширење на етнички стереотипи, хомофобија и нетрпеливост.

Имено во оваа гостување ----- додека течел разговорот на дневна политичка тема за мигранти и отворање односно затварање на кампови за мигранти и за странци кои инвестираат и добиваат парцели во нашата земја, гостинот се надоврзал на разговорот истакнувајќи дека луѓе блиски до сегашниот премиер земале аванс односно барале две илјади евра

како 10% од договорени 20.000 евра... и во тој контекст наведува *„... отишол ко циган 2000 евра екстра барал, за него биле тие..."* На оваа изјава еден од водителите реагирал и го насочил гостинот да го употребува зборот Ром а не циган. На оваа ----- се надоврзал со следното: *„Добро бе јас не мислам на Ромите, мислам на цигански работи, значи тоа е колоквијално различно, нема врска со Ромите..."* Тој продолжил да се исмејува при што во позадина исто така се слуша смеење од други лица. ... *„Кога ќе кажеш* ***циганска работа и педерска работа*** *тоа тие колоквијално нешто... како да ти кажам ..се разбираме нели ... Абе го зборуват нели ...кажуваат дека како Ром се понаша... како* ***еѓуптин со темна кожа*** *..."* По овој дел од разговорот водителот на емисијата се извинува во име на гостинот и пред завршување на реченицата гостинот повторно упаѓа во збор и изјавува ...*„ абе што се извинуваш ... испади колоквијални користам...па народот така зборува...што..."* Немаше извинување ниту каење од страна на гостинот за искажаните стереотипи и предрасуди за извршено вознемирување и дискриминација кон ромската етничка и ЛГБТ заедница, наведуваат подносителите на претставката.

Во прилог на наведено приложени се УСБ од епизода ----- сезона ----- на поткастот -
---- и линк до истата емисија : -----

Комисијата на 16.07.2025 год. достави барање за податоци во Министерството за внатрешни работи, Сектор за управно надзорни работи - одел за граѓански работи - Одделение за државјанство, граѓански состојби и матичен број со кое се бара адреса на живеење / престојување на лицето ----- роден на ----- год. во Куманово од татко ----- и мајка -----.

На 31.07.2025 год. Комисијата доби одговор на горенаведеното барање при што е утврдена следната адреса: ул. ----- бр. ----- Општина Карпош - Скопје.

Согласно добиените податоци Комисијата продолжи со процесните дејствија и достави Барање за произнесување со архивски бр. 08-468/6 од 05.08.2025 год. до ----- на горенаведената адреса.

На 15.09.2025 год. Комисијата доби произнесување од страна ----- по наводите од претставката.

Во одговорот по наводите на претставката, ----- даде свое дообјаснување на кованицата „циганска работа" наведувајќи дека не бил свесен дека со тоа предизвикал навреда кон ромската заедница ниту пак имал намера да да навреди некој Ром поединец или заедница во целина. Во продолжение на произнесувањето се наведува дека

кованицата „циганска работа " беше употребена во жаргонски контекст и не беше насочено кон омаловажување или дискриминација кон ромската заедница. Во продолжение на произнесувањето ----- жали што изјавата беше погрешно протолкувана, предизвикувајќи реакции на социјалните мрежи. **Тој истакнува дека веќе на -----.2025 год. во истиот поткаст и термин, јавно се извинил на целата ромска заедница нагласувајќи дека немал намера никого да навреди.**

По увид во списите од предметот, доставените докази, како и од внимателното преслушување на видео записот од предметниот прилог, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Лиицето ----- **изврши интерсекциска дискриминација и вознемирување врз** основа на етничка и национална припадност и сексуална ориентација во обласга јавно информирање врз ромската етничка заедница, онака како е опишано во член 4 ст. 13 од Закон за спречување и заштита од дискриминација и тоа „Интерсекциска дискриминација" е секоја дискриминација врз **две или повеќе дискриминаторски основи** што се истовремено и неразделно поврзани и член 10 став (1) „ *Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.".*

*Согласно член 6 од **Закон за спречување и заштита од дискриминација** според кој дискриминација е **секое разликување**, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други, **а во врска со член 5** од истиот закон согласно кој се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло **национална или етничка припадност**, пол, род, **сексуална ориентација**, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

**Според заклучок на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП)** : „Слободата на изразување не дава право на ширење на етничка или национална дискриминација. Медиумите имаат обврска да ја балансираат својата слобода со одговорноста да го почитуваат достоинството на сите етнички и национални групи и да не придонесуваат за нивна стигматизација"

**Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација** ја нагласува обврската на државата а со тоа и на медиумите, да ги елиминираат сите форми на расна дискриминација.

Согласно **Член 1** од оваа конвенција **дефиниција за расна дискриминација** е: „...секоја **дистинкција,** исклучување, ограничување или претпочитање врз основа на раса, боја, потекло **или национално или етничко потекло** со цел или со ефект на нарушување на уживањето на човековите права на еднакво рамниште. Афирмативните акциски политики или мерки не треба да се сметаат за расна дискриминација".

Согласно **Член 2** „Државите членки ја осудуваат расната дискриминација и **се обврзуваат да се стремат кон политика на нејзино елиминирање во сите нејзини форми**. Државите

членки нема да се вклучат во расна дискриминација и ќе дејствуваат за да осигураат дека ниту еден јавен орган и институција не се вклучени во дискриминација“

Следствено на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди како во диспозитивот, односно дека во конкретниот случај од страна на ----- е сторена **ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА - ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** кон граѓаните од ромска национална припадност и ЛГБТ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

Во таа смисла согласно член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **земајќи го во предвид извинувањето кое беше дадено на -----.2025 год. во истиот поткаст и термин** Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја дава следната препорака :

- **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** лицето -----, во иднина да се воздржува од употреба на термини кои предизвикуваат вознемирување на граѓаните по основ на етничка и национална припадност попреченост, како и по било кој друг основ.
- **СЕ ПРЕПОРАЧУВА ПОДНОСИТЕЛИТЕ НА ПРЕТСТАВКАТА незадоволни од оваа мислење** да постапат согласно чл. 32, чл. 33, и чл. 34 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку дискриминаторот не постапи согласно препораките, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:

- -----
- -----
- Архива на КСЗД